Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 09-275/1
11.03.2016 год.
Новаци

Архивски знак: 0904
Рок на чување: трајно
19 година Потпис,

# Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови

Јавниот повик се распишува согласно на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/2014, 44/2015, 193/15 и 31/16), за 2016год.

- Во период од 31 ден, сите заинтересирани физички и правни лица треба да доставaт иницијативи за изработка на Урбанистички планови од членот 7 од Законот за Просторно и Урбанистичко планирање.
- Предмет на иницијативите може да биде донесување на нов Урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план или Урбанистичко-планска документација со конкретен предлог од подносителот на иницијативата.
- Јавниот повик ќе трае од 11,03,2016 до 11,04,2016год. – 31 ден, сметано од објавата во дневното гласило "Нова Македонија ".
- Јавниот повик ќе биде објавен на интернет страната на Општина Новаци, www. opstinanovaci.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и преку објава во службеното гласило на општината.
- Заинтересираните правни и физички лица иницијативите да ги достават во писмена форма преку архивата на Одделението за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој при Општина Новаци или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во определениот рок
- За сите прифатени иницијативи подносителите ќе бидат информирани во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во рок од 15 дена од истекот на рокот за поднесување на иницијативи.
- Прифатените иницијативи од Јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2016год.
- Средствата за прифатените иницијативи за изготвување на потребната документација треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите – правни или физички лица.

ГРАДОНАЧАЛНИК
На Општина Новаци
Лазар Котевски

Република Македонија Општина Новаци Новаци